09-431/3

07-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси(„Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по поднесена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр.09-2170 од 12.04.2023 година, оформен по поднесена пријава против ----- адвокат и член на Совет на Општина ------ **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК не констатира повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси поради примена на новиот Закон за адвокатурата кој стапи во сила на 03.10.2023 година како поблаг закон за именуваниот и со донесување на оваа одлука издадениот прекршочен платен налог во оваа постапка не произведува правно дејство.

Исто така, не се утврдија елементи за понатамошно постапување и во останатите наводи од пријавата.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-2170 од 12.04.2023 година оформен е по поднесена пријава од непознат подносител, со наводи дека ------ по изборот за член на Совет на Општина ---, продолжил да ја врши адвокатската дејност и во прилог се доставени извршени исплати на средства од страна на Општина ----, како и од други институции. Пријава од непознат подносител со слични наводи е доставена и на 13.03.2023 година, заведена под број 09-1583 и по одржан колегиум, со Службена белешка од 19.06.2023 година, се спои овој предмет и постапувањето продолжи под број 09-2170. На ден 05.09.2023 година до Државната комисија, доставена е нова пријава со исти наводи како претходните пријави.

ДКСК направи увид во Образец-изјава за интереси бр.09---/1 од -- година, поднесен од страна на ---- и утврди дека на ден --- година е избран за член на Совет на Општина -----, а од увид во Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ утврди дека службеното лице, исто така продолжило да ја извршува и адвокатската дејност.

Имајќи го предвид член 44 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека има повреда на законските одредби, затоа што согласно член 20 од Законот за адвокатурата е уредено дека адвокатот не може да врши јавна функција или професија и друга јавна служба, додека во член 24 став (1) од истиот закон е пропишано дека на адвокатот избран или именуван на јавна функција, вршењето на адвокатската дејност му мирува до престанувањето на функцијата.

Врз основа на наведеното, ДКСК состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог, која не беше прифатена од страна на ---, заради што согласно член 47 став (8) од Законот за прекршоците до Прекршочната комисија поднесено е барање за поведување на прекршочна постапка.

По поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, се констатира дека на 03.10.2023 година стапи во сила нов Закон за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.199/2023) објавен на 25.09.2023 година.

Во член 20 став 1 од Законот за адвокатурата пропишано е дека адвокатот и адвокатското друштво не смеат да вршат дејност, професија или активност кои со Кодексот на адвокатската етика се определени како несоодветни. Според став 2 на истиот член адвокатот може да врши јавна функција или јавна служба доколку за вршење на истата не заснова работен однос.

Исто така, се констатира дека со донесениот закон во член 24 став 1 пропишано е дека на адвокат избран или именуван на јавна функција, со засновање на работен однос, вршењето на адвокатската дејност му мирува до престанувањето на функцијата.

Согласно Законот за локалната самоуправа, членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци, во рамките утврдени со закон, односно оваа функција не се извршува професионално.

Имајќи го предвид член 3 став 1 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/2023 и 188/2023) за примена на законот што е поблаг за сторителот, како и законските одредби од Законот за адвокатура кој стапи во сила по поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка, ДКСК достави Известување до Прекршочната комисија со кое се откажува од поднесеното барање, по што Прекршочната комисија донесе решение со кое се запира постапката.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во врска со наводите дека има извршено уплата на паричнi средства од установи и училишта каде основач е Општина ----, од обезбедените докази не се потврдија околности кои укажуваат на сомневање за постоење судир на интереси, бидејќи овие уплати се извршени за адвокатски услуги, што е во согласност со законските одредби на Законот за адвокатурата кој е во сила. Исто така, од одговорот доставен до ДКСК известени сме дека именуваниот согласно член 44 од Законот за локалната самоуправа, редовно се иззема од постапката за одлучување во случај кога предмет на расправа се прашања кои се однесуваат на овие правни субјекти, токму заради избегнување на судир на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Ш.С. - член на ДКСК